# **Висина на стапка на казнена и договорна камата** од 01.01. - 30.06.2019 год.

| *Видови договори* | | *законска казнена камата* | | *договорна казнена камата* | | *договорна камата* | | *кога не е определена стапката* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *за обврска во денари* | *за обврска во девизи* | *за обврска во денари* | *за обврска во девизи* | *за обврска во денари* | *за обврска во девизи* | *за обврска во денари* | *за обврска во девизи* |
| *- трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право* | *01.01-30.06* | *12,50%* | *9,636%* | *најмногу до 18,75%* | *најмногу до 14,454%* | *не повисока од 18,75%* | *не повисока од 14,454%* | *6,25%* | *4,818%* |
| *- договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице* | *01.01-30.06* | *10,50%* | *7,636%* | | | *не повисока од 10,50%* | *не повисока од 7,636%* | *3,5%* | *2,545%* |
| *- други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е на пример издршката)* | *01.01-30.06* | *10,50%* | *7,636%* | | | | | | |
| | ***Забелешка:*** *Како лица на јавно право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.* | | | | | | | | |

**ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА** - Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи (“Сл. весник на РМ” бр. 18/01...123/13), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува НБРМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРМ од 26.12.2018 година, референтната стапка за пресметување на казнена камата, за периодот **од 01.01.2019 до 30.06.2019 година изнесува 2,5%.**

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едно-месечната стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 10 процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за 8 процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Стапката на Еурибор на 28.12.2018 год. е -0,364%.

**ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА** - Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.

**ДОГОВОРНА КАМАТА** - Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

**КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА** - Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина од 1/3 од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина од 1/2 од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.